# 314. ОЗГОРА ИДАТ, МАМО, СЕЈМЕНИ




Озгора идат, мамо, сејмени,
сејменска песна, мамо, пееја,
од јунака глава, мамо, носеја,
а главата на стап, мамо, наврена.

Млади кумита ќерко испадна,
на петнаест ќерко години,
мајка му се мило чедо молеше,
не оди сине горе в планина,
не знаеш пушка сине да држиш.

Главата мила, мамо, личеше,
како на брат ми, мамо, Јована,
на лице дамка, мамо, имаше,
а на мене срце, мамо, гореше.

Пушти ме мила, мамо, да идам,
Турчинот да го, мамо истерам,
девојки невести, мамо, потурчи,
а млади момчиња, мамо, поништи.

Каракаш, Бранко. Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995